Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-653/23
Прилеп 26.04. 2023 год.

Врз основа на член 86 од Статутот на Прехранбена индустрија „ВИТАМИНКА“ АД Прилеп (02-2251/15 од 15.06.2019 год. – пречистен текст), Одборот на директори на состанокот одржан на 26.04.2023 година ја донесе следната:

# ПОЛИТИКА

## ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРАШАЊА ОД ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС

Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп е посветена на развој на корпоративна култура која поттикнува одговорен однос кон животната средина и општеството. Одборот на директори на друштвото и останатите организациони единици, посветуваат особено внимание на обезбедувањето одржливост на деловните процеси, со посебен акцент на проценка на ризиците и детектирање на можното влијание врз животната средина и пошироката општествена заедница.

Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп, со оваа политика, но и Кодексот за корпоративно управување на Друштвото, како и сите интерни акти поврзани со Политиката за квалитет, Безбедна храна, Животна средина, Енергија и Безбедност и здравје при работа, ја нагласува обврската на Друштвото да дејствува етички и одговорно во сите деловни активности, обезбедувајќи јасна рамка која:

- ќе ги минимизира негативните влијанија врз животната средина и ќе се стреми конзачувување на здрава животна средина и спречување на негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето,
- ќе ги објасни основните начела кои мора да се следат во врска со прашањата од општествен интерес.

Прехранбена индустрија ВИТАМИНКА АД Прилеп се залага за одржлив развој, базиран на ефикасност и сигурност при вршењето на деловните активности, во целост почитувајќи ги целите за заштита на животната средина и правата на засегнатите лица. Друштвото создава вредности што ќе придонесат за подобро и поуспешно водење на бизнисот и истовремено градење на односи на доверба и висока грижа за интересите на акционерите, вработените, останатите засегнати лица и пошироката заедница.

Своите заложби на овој план, Друштвото ги истакнува во Интегрираната политика, која што јавно се истакнува во сите административни и производни простории.

Дефинираните основни цели ќе се спроведат преку:

1) Континуирано исполнување на обврските по Б-интегрираната еколошка дозвола, еколошките елаборати и сите останати дозволи,
2) Рационално искористување на влезните суровини и материјали,
3) Намалување на емисиите на стакленички гасови,
4) Рационално користење на водата како ресурс и намалување на количеството на употребена вода по единица производ,
5) Посветеност кон третманот на отпадните води и нивна сепарација во фабричките кругови, со цел испуштање на водите на ниво кое е одржливо за живиот свет преку користење на услугите од пречистителната станица на општина Прилеп, но и со вложување во различни механички и други соодветни решенија за ран третман на отпадните технолошки води,
6) Подобрување на енергетската ефикасност на друштвото и намалување на користењето енергија во

оперативните активности преку воведување на енергетско ефикасни технологии, опрема и материјали кои ќе овозможат заштеда на енергија. Друштвото е посветено и кон користење на енергија од обновливи извори, со постојано вложување во развојот на зелената енергија преку изградбата на фотоволтаични централи,

7) Континуирана едукација на вработените за добрите еколошки практики, вклучително и ангажман на дел од членовите на органот на управување во активности од областа на животната средина и општествен интерес,
8) Континуирано следење и унапредување на управувањето со пакување и отпад од пакување притоа залагајќи се за:
   - избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
   - искористување на употребливите состојки на отпадот;
   - одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
   - спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот издравјето на луѓето во согласност со принципите на циркуларната економија;
   - отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина и
   - висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.
9) Назначување управител со отпад како стручно оспособено лице за управување со отпад од пакување со одговорности да:
   - ја изработи и да се грижи за спроведување на програмата за управување со отпадот,
   - ја следи тековната состојба во управувањето со отпадот,
   - презема активности и мерки за намалување на создадениот отпад,
   - се грижи за спроведување и примена на постапките за управување со отпадот во согласностсо законската рамка,
   - води евиденција и изготвува извештаи согласно со прописите за управување со отпад,
   - изготвува извештаи за несреќи или хаварии кои можат да настанат при управувањето со отпадот,
   - го контролира создавањето на отпадот во технолошките процеси,
   - ги информира одговорните органи, односно одговорните лица во правното лице за можното загрозувања на животната средина, животот и здравјето на луѓето што е резултат на производството, третманот, преработката и отстранувањето на отпадот и предлага конкретни решенија и
   - ги контролира видот и количеството на отпадот што се создава, преработува и се отстранува, како и на секундарната суровина
10) Активно учество како основач во првиот колективен постапувач со отпад од пакување Пакомак ДОО Скопје. Грижа за исполнување на националните цели и учество во кампањи за подигнување на јавната свест за ефикасно управување со отпадот и отпадот од пакување,
11) Во интерес на долгорочната одржливост на друштвото, како и со оглед на влијанието на друштвото врз животната средина и општеството, друштвото ќе одржува редовна комуникација со засегнатите лица (вработени во друштвото, акционери, комерцијални банки и потенцијалните инвеститори, клиенти, добавувачи, државни органи и локални заедници). По потреба засегнатите лица ќе бидат навремено вклучени при донесување одлуки во поглед на инвестиции и нивното влијание врз вработените и животната средина,
12) Друштвото транспарентно ќе комуницира со засегнатите страни преку разни форми на средби, состаноци, јавни расправи. Друштвото ќе се грижи вработените и другите засегнати лица да бидат информирани и свесни за своите обврски за безбедноста, сигурноста на средината, како и заштитата на животната средина.
13) Сите одлуки кои ќе имаат непосредно или посредно влијание врз животна средина и прашањата од

општествен интерес, ќе содржат образложение и оцена на влијанието врз животната средина и/или заедницата,

14) Во Годишниот извештај за работа на Друштвото ќе бидат презентирани најзначајните достигнувања на Друштвото во областа на животната средина и поважните активности со кои на дело се покажува корпоративната општествена одговорност,
15) Корпоративниот секретар ќе води сметка органот на управување да биде информиран за сите релевантни измени во важечката законска и подзаконска регулатива во врска со правата на засегнатите лица и прашањата од областа на животната средина.

Политиката за животна средина и прашања од општествен интерес задолжително се објавуваат на веб страницата на друштвото.

26.04.2023 година

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
**Дипл.инг. Симон Наумоски**

„ВИТАМИНКА"
1
ПРИЛЕП